**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП-I бр.25-151
.09.2014 година
Скопје
04-11-2014

Министерот за економија врз основа на член 21 став 7 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.88/08, 119/10, 36/11, 136/11 и 164/13) и Правилникот за користење на опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија" бр.32/09), постапувајќи по барањето на ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје УП-I бр.25-151 од 26.08.2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на опрема под притисок

1. Се донесува Решение за ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на опрема под притисок, согласно член 2 став 1 точка а), б), в), г) и д) од Правилникот за користење на опрема под притисок и тоа:
- парни котли и нивни инсталации;
- садови под притисок и нивни инсталации;
- постројки од опрема под притисок;
- магистрални нафтоводи и гасоводи и
- сите видови на инсталации за полнење.

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 23, 24, 25 и 26 од Законот за техничката инспекција.

4. Со влегување во сила на ова решение, престанува да важи решението бр.25-4167/2 од 18.05.2011 година

## Образложение

Согласно член 21 став 2 од Законот за техничката инспекција и член 2 став 1 точка а), б), в), г) и д) од Правилникот за користење на опрема под притисок, ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје поднесе барање бр.08-419/1 од 18.08.2014 година до Државен инспекторат за техничка инспекција, за утврдување на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на опрема под притисок (парни котли и нивни инсталации; садови под притисок и нивни инсталации; постројки од опрема под притисок; магистрални нафтоводи и гасоводи и сите видови на инсталации за полнење).

Барањето е поднесено поради кадровски промени и продолжување на важноста на сертификатот за акредитација до 28.01.2018 година.

Државниот инспекторат за техничка инспекција по утврдување на исполнетоста на условите, барањето на ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје бр.25–151 од 26.08.2014 година со Мислење за исполнетост на условите ги достави до Министерството за економија за понатамошна постапка.

Кон барањето се поднесени следните документи:
- Мислењето од Државниот инспекторат за техничка инспекција бр.08-419/2 од 22.08.2014 година;
-Сертификатот за акредитација со Прилог за опсегот на акредитација на инспекциско тело бр. ИТ–024, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија на 29.01.2014 година;
-Решение за упис издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден број 30120090050908;
-Доказ за тековната состојба на правното лице од трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија бр. 0809-50/150120140039376 од 30.05.2014 година;
-Полиса за осигурување од одговорност од дејност, издадена од Осигурителна полиса АД Скопје со бр. 130280002736 со важност до 27.01.2015;
-Доказ за техничка опременост (изјава) со бр. 03-212/2 од 15.08.2014 година;
-Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр. 0904-50/150120140029898 од 24.04.2014 година;

-Докази за вработениот стручен кадар: Златко Самарџиоски дипл. маш. инж., Драган Антовски дипл. електро инж., Горан Николовски дипл. маш. инж., Никола Поцев дипл. маш. инж., Илчо Трајаноски дипл. маш. инж.; Александар Нојков дипл. маш. инж., Ивановски Марин машински техничар.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за техничка инспекција и Правилникот за користење на опрема под притисок утврди дека барањето е основано.

Согласно доставената документација се одлучи како во Диспозитивот на Решението.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР,**
**Bekim Neziri**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
СКОПЈЕ